К-4-2024

# КВАРТАЛЕН ЕКОНОМСКИ ИЗВЕШТАЈ

## - четврти квартал 2024 година -

## Резиме


- **Економската активност** во К-4-2024 значително забрза, притоа забележувајќи реален раст од 3,2% на годишна основа, со што вкупниот раст на економијата во текот на 2024 година достигна 2,8%. Овој раст главно се должи на зголемената домашна побарувачка, поттикната од растот на бруто-инвестициите и потрошувачката, кои дадоа позитивен импулс на економската активност. Од друга страна, пак, нето-извозот имаше негативен придонес кон растот, одразувајќи ги предизвиците во меѓународната трговија;
- **Бројот на вработени** во К-4-2024 е повисок за 1,9% во однос на истиот квартал од 2023 година. **Бројот на невработени** во К-4-2024 се намали за 7,9%, што резултираше со намалување на **стапката на невработеност** на 11,9%;
- Просечната **нето-плата** во К-4-2024 изнесува 42.569 денари и бележи раст од 9,0% на номинална основа, односно 4,7% на реална основа споредено со нето-платата во К-4-2023;
- Во К-4-2024, вкупните **буџетски приходи** се повисоки за 4,3%, а вкупните буџетски расходи за 7,0% споредено со истиот квартал од 2023 година;
- **Стапката на инфлација** во К-4-2024 изнесува 4,1% на годишна основа;
- Вкупниот **депозитен потенцијал** на банките во К-4-2024 се зголеми за 8,1% на квартална основа;
- Во К-4-2024 е забележан пад на **извозот на стоки** за 7,8%, додека **увозот на стоки** забележа пад од 1,5% на годишна основа, со што вкупната **надворешнотрговска размена** изразена во евра забележа пад од 4,1%.

## Содржина:

1. Економска активност....3
2. Пазар на работна сила....6
3. Јавни финансии....7
   3.1. Буџетски приходи според економската класификација....7
   3.2. Буџетски расходи според економската класификација....9
   3.3. Расходи по буџетски корисници....10
   3.4. Буџетски дефицит и државен долг....11
4. Инфлација и монетарни движења....12
5. Надворешен сектор....15
   5.1. Надворешнотрговска размена....15
   5.2. Платен биланс....17


Министерство за финансии
Република Северна Македонија
Ул. „Даме Груев“ бр. 12, Скопје
Република Северна Македонија
+389 2 3255 591
www.finance.gov.mk
МФРСМ.Ф.8.5/9-5
издание 5
MQS Partner of Quality Austria
Сертифициран систем според ISO 9001:2015 Бр. Q-13700/0

# 1. Економска активност

**Економската активност** во К-4-2024 во споредба со истиот период од 2023 година забележа реален раст од 3,2%, со што вкупниот раст во 2024 година изнесува 2,8%, надминувајќи ги проектираните очекувања. Позитивното отстапување се должи на поволната динамика на економската активност, односно забрзување на растот во втората половина од годината. Во споредба со претходниот квартал, растот на БДП изнесува 0,8% (сезонски и календарски прилагоден).

Анализирано според производната страна на БДП, економскиот раст се должи на позитивните остварувања во повеќето сектори.

Растот на активноста во **услужниот сектор** е на широка основа и изнесува 3,1%. Највисок раст во рамките на услужните дејности има кај Стручни, научни и технички дејности за 10,6%, по што следуваат: Уметност, забава и рекреација за 7,9%, Трговија, транспорт и угостителство за 3,5%, Дејности во врска со недвижен имот за 2,1%, Информации и комуникации за 1,7%, Финансиски и дејности на осигурување за 0,7% и Јавна управа, одбрана, образование и здравство за 0,5%.

Во четвртиот квартал, **градежната активност** забележа двоцифрен раст од 13,2%, во услови на значителен раст во сегментите нискоградба (32,3%) и високоградба (22,3), додека во сегментот специјализирани градежни работи е забележан пад од 27,6%. Значителниот раст во нискоградбата укажува на зголемени инвестиции и забрзана реализација на инфраструктурните проекти.

**Земјоделскиот сектор** забележа раст од 0,6%, продолжувајќи го позитивниот тренд од третиот квартал од 2024 година, кога растот изнесуваше 1,1%. Ова претставува втор последователен квартал во кој е забележан раст.

Табела 1.1: БДП и компоненти по производен метод – годишни стапки на раст (%) и придонеси во растот на БДП (п.п.)

| Сектори | реален раст (%) | | | | | придонес во раст (п.п.) | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | К1 2024 | К2 2024 | К3 2024 | К4 2024 | 2024 | К1 2024 | К2 2024 | К3 2024 | К4 2024 | 2024 |
| Бруто-домашен производ | 1,9 | 2,8 | 3,0 | 3,2 | 2,8 | | | | | |
| Земјоделство | -12,3 | -0,7 | 1,1 | 0,6 | -2,0 | -0,9 | 0,0 | 0,1 | 0,0 | -0,1 |
| Индустрија | 0,6 | -1,3 | -4,6 | -0,7 | -1,6 | 0,1 | -0,2 | -0,8 | -0,1 | -0,3 |
| Преработувачка индустрија | 1,1 | 1,5 | -2,9 | 0,2 | -0,1 | 0,1 | 0,2 | -0,4 | 0,0 | 0,0 |
| Градежништво | -2,4 | 6,9 | 2,4 | 13,2 | 6,4 | -0,1 | 0,3 | 0,1 | 1,1 | 0,4 |
| Услужен сектор | 4,1 | 3,8 | 5,0 | 3,1 | 4,0 | 2,5 | 2,2 | 2,8 | 1,6 | 2,3 |
| Трговија, транспорт и угостителство | 4,2 | 5,5 | 10,6 | 3,5 | 6,0 | 0,8 | 1,1 | 2,0 | 0,6 | 1,1 |
| Информации и комуникации | 4,2 | 3,7 | 2,4 | 1,7 | 3,0 | 0,2 | 0,2 | 0,1 | 0,1 | 0,1 |
| Финансиски и дејности за осигурување | 1,8 | 1,9 | 2,1 | 0,7 | 1,6 | 0,1 | 0,1 | 0,1 | 0,0 | 0,0 |
| Дејности во врска со недвижен имот | 2,5 | 1,7 | 0,5 | 2,1 | 1,7 | 0,3 | 0,2 | 0,1 | 0,2 | 0,2 |
| Стручни, научни и технички дејности | 8,5 | 9,9 | 9,0 | 10,6 | 9,5 | 0,4 | 0,5 | 0,4 | 0,4 | 0,4 |
| Јавна управа, одбрана, образование и здравство | 2,0 | 0,6 | 0,9 | 0,5 | 1,0 | 0,2 | 0,1 | 0,1 | 0,1 | 0,1 |
| Уметност, забава и рекреација | 12,5 | 4,1 | 6,6 | 7,9 | 7,7 | 0,4 | 0,1 | 0,2 | 0,2 | 0,2 |
| Нето-даноци на производи | 1,5 | 4,5 | 5,7 | 3,7 | 3,7 | 0,2 | 0,6 | 0,7 | 0,5 | 0,5 |
| *Резидуал* | | | | | | 0,1 | -0,1 | 0,0 | 0,1 | 0,1 |

Извор: Државен завод за статистика (соопштение за БДП за К-4-2024) и пресметки на МФ

**Индустрискиот сектор** забележа пад од 0,7%, во услови на незначителен раст од 0,2% во преработувачката индустрија. Врз основа на високофреквентните податоци, негативен придонес кон падот на индустриското производство во К-4-2024 имаат секторите: Снабдување со електрична енергија, гас, пареа и климатизација (со намалување од 7,3%) и Рударство и вадење камен (со намалување од 7,1%).

Графикон 1.1. Индустриски сектор
*(годишна стапка на раст)*




Извор: Државен завод за статистика

Анализирано според расходната страна на БДП, растот на економската активност се должи на зголемената домашна побарувачка, која е поттикната од значителното зголемување на бруто-инвестициите и на потрошувачката.

Графикон 1.2. Придонес во економскиот раст по компоненти *(процентни поени)*




Извор: Државен завод за статистика и пресметки на МФ

**Потрошувачката** забележа раст од 1,5% на реална основа. Иако расположливиот доход на домаќинствата порасна како резултат на зголемената вработеност, повисоките плати и пензии и растот на кредитирањето на домаќинствата, **приватната потрошувачка** забележа скромен раст од 0,2%. **Јавната потрошувачка,** за разлика од приватната, забележа значителен реален раст од 6,8%.

**Бруто-инвестициите** регистрираа двоцифрен раст од 22,1%. Овој значителен пораст се должи на зголемената активност во градежништвото, високиот прилив на странски директни инвестиции, растот на увозот на капитални добра и зголеменото кредитирање на корпоративниот сектор. Дополнително, овој раст на инвестициите укажува на зајакната доверба на инвеститорите и создавање нови можности за отворање работни места, зголемување на продуктивноста и модернизација на производствените капацитети, што го поттикнува севкупниот економски развој.

Графикон 1.3. Инвестиции и градежна активност
*(годишна стапка на раст)*




Извор: Државен завод за статистика

Како резултат на сè уште неповолното надворешно окружување и послабиот економски раст кај главните трговски партнери, **извозот на стоки и услуги** во К-4-2024 забележа пад од 6,0%, што ги отсликува предизвиците со глобалната побарувачка. Истовремено, **увозот на стоки и услуги** забележа раст од 1,5% на реална основа, што е поттикнато главно од зголемениот увоз на капитални производи и на производите за широка потрошувачка. Оттука, нето-извозот бележи негативен придонес врз економскиот раст.

Табела 1.2: БДП и компоненти по расходен метод – годишни стапки на раст (%) и придонеси во растот на БДП (п.п.)

| Компоненти | реален раст (%) | | | | | придонес во раст (п.п.) | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | К1 2024 | К2 2024 | К3 2024 | К4 2024 | 2024 | К1 2024 | К2 2024 | К3 2024 | К4 2024 | 2024 |
| Бруто-домашен производ | 1,9 | 2,8 | 3,0 | 3,2 | 2,8 | | | | | |
| Финална потрошувачка | 2,4 | 2,9 | 3,8 | 1,5 | 2,6 | 2,0 | 2,4 | 3,2 | 1,2 | 2,2 |
| Приватна | 1,1 | 1,6 | 1,9 | 0,2 | 1,2 | 0,8 | 1,1 | 1,3 | 0,1 | 0,8 |
| Јавна | 7,8 | 9,0 | 13,3 | 6,8 | 9,1 | 1,2 | 1,3 | 1,9 | 1,1 | 1,4 |
| Бруто-инвестиции | 18,1 | -4,1 | -1,2 | 22,1 | 8,9 | 4,9 | -1,3 | -0,3 | 7,3 | 2,6 |
| Извоз на стоки и услуги | -6,7 | -2,5 | 0,0 | -6,0 | -3,8 | -5,0 | -1,7 | 0,0 | -3,7 | -2,6 |
| Увоз на стоки и услуги | 0,2 | -4,1 | 0,0 | 1,5 | -0,6 | 0,2 | -3,5 | 0,0 | 1,2 | -0,5 |
| Нето-извоз | | | | | | -5,2 | 1,8 | 0,0 | -4,9 | -2,1 |
| *Резидуал* | | | | | | 0,2 | -0,1 | 0,2 | -0,5 | 0,0 |

Извор: Државен завод за статистика (соопштение за БДП за К-4-2024) и пресметки на МФ

Графикон 1.4. Реални годишни стапки на раст на БДП за К4 2024 во ЕУ и регионот, во %



Извор: Евростат и национални заводи за статистика
*Расположливите податоци за Западен Балкан (6) се однесуваат на земјите: Србија, Црна Гора, С. Македонија, БиХ, Албанија и Косово

## 2. Пазар на работна сила

Од почетокот на 2021 година во сите земји членки на ЕУ се спроведува Анкета за работната сила во согласност со Регулативата (ЕУ) бр. 2019/1700 на Европскиот парламент и Советот за социјална статистика и соодветната извршна регулатива на Комисијата (ЕУ) бр. 2019/2240 за областа работна сила. РСМ ги имплементираше овие регулативи во 2023 година, а претходната Регулатива (ЕЗ) бр. 577/98 е укината. Овие промени предизвикаа прекин на временските серии на податоци, па во таа насока, започнувајќи од 2023 година, податоците не се споредливи со податоците од претходните години.

### Вработеност

Во К-4-2024, според Анкетата на работна сила, **бројот на вработени лица** е зголемен за 1,9%, односно за 13,1 илјада лица во однос на истиот квартал од 2023 година. Најголем раст на вработеноста се забележува во секторот Информации и комуникации (7,2 илјади лица или 36,8%), а значителен раст забележаа и секторите Финансиски дејности (5,2 илјади лица или 43,2%) и Јавната управа (5 илјади лица или 11,5%). Од друга страна, пак, позначителен пад на вработеноста забележа градежништвото (18,7% или 10 илјади лица).

Од вкупниот број вработени, 537.774 лица се вработени во субјекти во приватна сопственост (76,8% од вкупно вработените), додека 162.752 лица се вработени во субјекти од мешовита, задружна или државна сопственост (23,2% од вкупно вработените).

**Стапката на вработеност** во К-4-2024 изнесува 46,2% и во однос на истиот квартал од 2023 година е зголемена за 0,9 п.п..

### Невработеност

**Бројот на невработени** е намален за 8,2 илјади лица, односно за 7,9% во однос на истиот квартал од 2023 година.

**Стапката на невработеност** во К-4-2024 се намали на 11,9%, односно за 1,1 п.п. во споредба со истиот квартал од 2023 година, а во однос на претходниот квартал таа е пониска за 0,5 п.п. (Графикон 2.1).

Графикон 2.1 Пазар на труд




Извор: Државен завод за статистика

Стапката на невработеност во категоријата 15 - 64 години изнесува 12,0%, додека кај младите (возрасна група од 15 до 29 години) изнесува 23,9%.

Во однос на К-4-2023 година, овие стапки се намалени за 1,1 п.п. и 1,6 п.п., соодветно. Според половата структура, стапката на невработеност кај женското население е зголемена за 0,7 п.п. и изнесува 10,7%, што е за 2,0 п.п. помалку од невработеноста кај мажите, којашто е намалена за 2,3 п.п. и изнесува 12,8%.

### Активно население

Бројот на **активно население** е зголемен за 4,9 илјади лица, односно за 0,6% на годишна основа. Активното население во К-4-2024 сочинува 52,5% од вкупното работоспособно население, што претставува зголемување за 0,3 п.п. во споредба со истиот квартал од 2023 година.

### Плати

Просечната месечна **нето-плата** во К-4-2024 изнесува 42.569 денари и е повисока за 9,0% на номинална основа споредено со истиот квартал од 2023 година, а на реална основа е зголемена за 4,7% (Графикон 2.2).

Графикон 2.2. Просечна нето-плата
*(годишна стапка на раст)*




Извор: Државен завод за статистика

Највисока нето-плата во К-4-2024 е исплатена во секторот Информации и комуникации (78.863 денари), по што следуваат Финансиски дејности и дејности за осигурување со 58.488 денари, Снабдување со електрична енергија, гас, пареа и климатизација со 54.242 денари и Рударство и вадење камен со 53.583 денари.

Просечната месечна **бруто-плата** во К-4-2024 изнесува 64.037 денари, што претставува раст од 9,1% на номинална основа и 4,9% на реална основаа.

# 3. Јавни финансии

## 3.1. Буџетски приходи според економската класификација

**Вкупните буџетски приходи** во К-4-2024 учествуваат со 31,4% во кварталниот БДП и се повисоки за 4,3% споредено со четвртиот квартал од 2023 година, а притоа раст за 1,9% бележат даноците, придонесите за 11,8%, а неданочните приходи се намалени за 6,1%. Кај даночните приходи повисока наплата е забележана кај приходите по основ на данокот на личен доход, данокот на добивка, ДДВ, акцизите, увозните давачки, додека намалување бележи наплатата на другите даночни приходи.

Наплатата на индиректните даноци во К-4-2024 во споредба со К-4-2023 е зголемена за 5,0%, а на директните даноци за 18,3%. Гледано од аспект на структурното учество во БДП, учеството

на приходите од директни даноци е зголемено за 0,5 п.п. на годишно ниво, односно од 4,8% колку што изнесуваше во четвртиот квартал минатата година на 5,3% од кварталниот БДП во истиот квартал оваа година. Учеството на приходите од индиректни даноци во БДП за К-4-2024 изнесува 12,5% и е пониско за 0,2 п.п. во однос на К-4-2023 кога изнесуваше 12,7%.

Графикон 3.1. Приходи и расходи во К4
*(% од номинален квартален БДП)*




Извор: Министерство за финансии

Кај **индиректните даноци** доминираат приходите од ДДВ, кои претставуваат 47,2% од вкупните даночни приходи во К-4-2024, а се зголемени за 4,7% споредено со истиот квартал претходната година. Во структурата на данокот на додадена вредност најголемо е учеството на ДДВ при увоз, по што следи ДДВ од прометот во земјата. Споредено со истиот квартал претходната година, приходите од акцизи се повисоки за 2,7%, а приходите од царински давачки за 11,5%.

Во рамки на **директните даноци**, данокот на личен доход забележа зголемување за 15,3%, а приходите од данокот на добивка за 25,3% во однос на истиот квартал претходната година.

Графикон 3.2. Остварувања на буџетските приходи во К4 2024 (во мил. денари)




Извор: Министерство за финансии

Наплатата на **социјалните придонеси** е повисока за 11,8%, така што зголемување на наплатата е забележано кај сите придонеси, односно кај придонесите за пензиско и инвалидско осигурување за 11,9%, кај придонесите за вработување за 12,0% и кај придонесите за здравствено осигурување за 11,5%.

Во К-4-2024, **неданочните приходи**, кои претставуваат 1,7% од кварталниот БДП, беа реализирани за 6,1% помалку во однос на истиот квартал од 2023 година.

Во К-4-2024, **капиталните приходи** во кои спаѓаат приходите од закуп на градежно земјиште, продажба на станови и приходи од дивиденди беа пониски за 47,2% на годишна основа. Приходите по основ на **донации од странство** се повисоки за 10,0% во споредба со истиот квартал од 2023 година.

## 3.2. Буџетски расходи според економската класификација

**Вкупните буџетски расходи** во К-4-2024, со учество од 37,8% во кварталниот БДП, се повисоки за 7,0% споредено со истиот квартал од 2023 година.

Графикон 3.3. Остварувања на буџетските расходи во К4 2024 (во мил. денари)




Извор: Министерство за финансии

**Тековните расходи**, кои претставуваат 33,5% од кварталниот БДП, учествуваат со 88,7% во вкупните расходи и тие беа реализирани за 14,1% повеќе на годишна основа. Во рамки на тековните расходи, расходите за стоки и услуги забележаа зголемување за 0,7%, а расходите за плати и надоместоци за 12,0% во однос на истиот квартал претходната година.

Средствата за трансфери, кои учествуваат со 66,5% во вкупните расходи, беа реализирани за 15,1% повеќе на годишна основа. Социјалните трансфери забележаа раст од 10,8% и учествуваа со 45,6% во вкупните расходи. Расходите за пензии, коишто сочинуваат најголем дел од социјалните трансфери, се зголемија за 15,3% и забележаа учество од 27,5% во вкупните расходи. Учеството на категоријата други трансфери, во која спаѓаат и трансферите кон единиците на локалната самоуправа, изнесува 19,8% во вкупните расходи и забележа зголемување за 24,9% во однос на четвртиот квартал од 2023 година. Споредено со К-4-2023, блок и наменските дотации кон единиците за локална самоуправа забележаа зголемување за 8,9%, а субвенциите и трансферите за 36,5%.

Графикон 3.4. Буџетски остварувања во К4 2024




Извор: Министерство за финансии

Расходите за каматни плаќања се зголемени за 41,7% на годишна основа, така што расходите по камати на домашен долг забележаа зголемување за 43,3%, а каматните расходи по надворешен долг се зголеми за 39,5%.

**Реализацијата на капиталните расходи**, кои претставуваат 4,3% од кварталниот БДП, е пониска за 28,2% споредено со истиот квартал од 2023 година и нивното учество во вкупните расходи изнесува 11,3%.

## 3.3. Расходи по буџетски корисници

Во продолжение е даден осврт на буџетските расходи за најголемите буџетски корисници.

Во К-4-2024 година, **Министерството за социјална политика, демографија и млади** реализира 14.557 милиони денари или 21,4% од вкупниот буџет за тековната година. Притоа, најголем дел (60,5%) од расходите се наменети за тековни трансфери до вонбуџетските фондови, за што се потрошени 8.803 милиони денари или 19,0% од средствата наменети за 2024 година. Втора најзначајна расходна ставка е социјални бенефиции, којашто учествува со 24,7% во вкупните расходи и за оваа намена беа реализирани 24,7% (3.596 милиони денари) од планираните за 2024 година.

Во анализираниот период, **Министерството за образование и наука** изврши буџетски средства во износ од 10.980 милиони денари или 26,9% од вкупниот буџет за 2024 година. Најголем дел од расходите (56,7%) се тековни трансфери до ЕЛС, за што беа потрошени 6.228 милиони денари или 27,7% од вкупно планираните средства. Плати и надоместоци е втора најзначајна ставка со учество од 19,1%, за што беа потрошени 2.101 милион денари, односно 26,7% од вкупно предвидените.

Во К-4-2024 година, **Владата на Република Северна Македонија** реализира вкупно 2.133 милиони денари, односно 48,0% од планираните средства за 2024 година. Притоа, ставката субвенции и трансфери учествува со 71,4% во вкупните расходи на овој буџетски корисник, а реализирани се 1.524 милиони денари (53,6% од предвидените средства).

Графикон 3.5. Структура на расходи по буџетски корисници во К-4-2024 *(во %)*




Извор: Министерство за финансии

Во анализираниот период, **Министерството за внатрешни работи** реализира вкупно 4.501 милион денари, што претставува 29,4% од сопствениот буџет за 2024 година. Најзначајна расходна ставка е плати и надоместоци со учество од 56,7%, за што се потрошени 2.554 милиони денари или 26,2% од планираното. Втора најзначајна ставка е стоки и услуги со учество од 23,4% и за таа намена беа реализирани 1.052 милиона денари или 33,5% од годишниот план.

Во К-4-2024 година, **Агенцијата за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој (АФПЗРР)** реализира 3.873 милиони денари што претставува 37,5% од планираните средства за тековната година. Реализацијата на субвенции и трансфери, ставка којашто учествува со високи 91,1% во вкупните расходи, изнесува 37,7% од планираните средства

за цела година, односно 3.530 милиони денари.

Во периодот К-4-2024 година, **Министерството за здравство** изврши буџетски средства во износ од 2.746 милиони денари или 33,3% од вкупниот буџет за 2024 година. Тековни трансфери до вонбуџетските фондови има најголемо учество во расходите со 50,0%, за што се потрошени 1.373 милиони денари или 33,6% од средствата наменети за 2024 година. Втора најзначајна ставка е стоки и услуги со реализација од 1.017 милиони денари (31,5% од планираното за годината) и учество од 37,0% во вкупните расходи.

Во овој период **Министерството за одбрана** реализира 4.199 милиони денари, што е 23,6% од вкупниот буџет за оваа година. Плати и надоместоци има најголемо учество во расходите со 44,5%, па за таа намена реализацијата изнесува 1.869 милиони денари (29,7% од вкупно предвидените средства за тековната година). Стоки и услуги учествува со 24,4% во вкупните расходи и за оваа ставка беа потрошени 1.026 милиони денари, односно 29,2% од вкупно предвидените.

Во К-4-2024 година, **Министерството за транспорт** реализира средства во износ од 5.895 милиони денари, што е 56,8% од вкупниот буџет за тековната година. Реализацијата на капиталните расходи, како главна ставка, изнесува 91,7% од вкупните реализирани средства на овој буџетски корисник (5.406 милиони денари или 59,3% од вкупно планираните средства).

Во анализираниот период, **Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство** реализира средства во износ од 380 милиони денари, што претставува 22,2% од предвидените за 2024 година. Плати и надоместоци (172 милиона денари) е најзначајна ставка во вкупните расходи на овој буџетски корисник со учество од 45,3%, а притоа беа реализирани 26,5% од предвидените средства. По основ на капитални расходи отпаѓаат 28,3% од вкупните расходи и за оваа ставка беа потрошени 108 милиони денари или 29,9% од вкупниот буџет за оваа намена.

Во овој период, **Управата за јавни приходи** реализира 1.179 милиони денари, што е 26,0% од вкупниот буџет за тековната година. Реализацијата на субвенции и трансфери, како главна ставка, изнесува 74,4% од предвиденото за цела година (877 милиони денари).

Деталните податоци за секој буџетски корисник се прикажани во статистичкиот прилог достапен на следната врска (*http://finance.gov.mk/квартален-економски-извештај/*).

## 3.4. Буџетски дефицит и државен долг

Во четвртиот квартал од 2024 година, **дефицитот на консолидираниот Буџет** изнесува 17.001 милион денари или 6,4% од БДП за овој квартал, а дефицитот на Централниот буџет изнесува 14.539 милиони денари, односно 5,5% од кварталниот БДП.

Вкупниот **државен долг** на крајот на К-4-2024 изнесува 53,8% од БДП и забележа зголемување на своето учество во БДП за 4,1 п.п. во однос на К-3-2024. Учеството на надворешниот долг во вкупниот државен долг во однос на К-3-2024 е зголемено за 1,4 п.п. и изнесува 55,6%, а учеството на внатрешниот долг е соодветно намалено и изнесува 44,4% од вкупниот државен долг.

Графикон 3.6. Државен долг и негова структура




Извор: Министерство за финансии

## 4. Инфлација и монетарни движења

**Стапката на инфлација** во К-4-2024, мерена според Индексот на трошоци на живот, изнесува 4,1%. Инфлацијата регистрираше забрзување од 1,5 п.п. во споредба со претходниот квартал (2,6% во К-3-2024).

Во четвртиот квартал од 2024 година, потрошувачките цени регистрираа забрзување, како резултат на растот на прехранбената компонента, притоа имајќи го предвид ефектот на пониската споредбена основа. Во овој период беа воведени две мерки, кои во одредена мера го ублажија забрзувањето на растот на цените, при што мерката „есенска потрошувачка кошница“[1] имаше за цел ограничување на маржите, додека мерката „новогодишна потрошувачка кошница“[2] имаше за цел акциско намалување на цените.

Графикон 4.1. Годишна стапка на инфлација




Извор: Државен завод за статистика

[1] Мерката на Владата беше со важност од 24 септември до 31 октомври 2024 година и со истата беа опфатени повеќе основни прехранбени производи и највисоката бруто профитна маржа за производите опфатени со мерката беше утврдена во вкупен износ до 10% во трговијата на големо и до 10% во трговијата на мало.

[2] Мерката новогодишна потрошувачка кошница го опфаќа периодот од 15 декември 2024 година до 15 јануари 2025 година и претставува намалување на цените на одделни прехранбени производи, алкохолни и безалкохолни пијалаци коишто се најпродавани за време на новогодишните празници.

Базичната инфлација е речиси непроменета односно таа се зголеми за 0,1% во споредба со К-3-2024 и изнесува 5,6% (5,5% во К-3-2024). Базичната инфлација покажува знаци на смирување и е под влијание на растот на цените на тутунот и угостителските услуги. Цените на енергијата и нафтените деривати се движат по надолен тренд.

Гледано по компоненти, во К-4-2024 растот на цените во категоријата Храна и безалкохолни пијалаци забрза и изнесува 4,9% (0,9% во претходниот квартал). Гледано според структурата, забрзаниот раст на цените на храната се должи на растот на цените на зеленчукот, месото и млекото, сирењето и јајцата.

Раст на потрошувачките цени во К-4-2024 се забележува и во следните категории: Ресторани и хотели за 11,4%, Алкохолни пијалаци, тутун и наркотици[3] за 7,6%, Рекреација и култура за 5,3%, Здравствена заштита за 4,8%, Разновидни стоки и услуги за 4,3%, Мебел, покуќнина и одржување на покуќнина за 3,0%, Комуникации за 2,9%, Облека и обувки за 2,7%, Домување, вода, електрика, гас и други горива за 0,7% и Образование за 0,3%. Цените во категоријата Транспорт се намалија за 0,2%.

Во К-4-2024, цените на мало регистрираа забрзан раст од 4,1%.

Во четвртиот квартал оваа година, Народната банка продолжи со намалување на **основната каматна стапка** за 0,5 п.п. на нивото од 5,55%, во услови на забавување на инфлацијата и поволен девизен пазар, но и при сѐ уште присутни ризици. Олабавувањето на монетарната политика е во согласност и со политиките на Европската централна банка која започна со намалување на каматните стапки.

Во К-4-2024, каматните стапки на расположливите депозити преку ноќ и на седум дена се намалија за 0,25 п.п. и изнесуваат 3,95% и 4,0%, соодветно.

**Примарните пари**[4] забележаа раст на квартална основа од 4,9% (во претходниот квартал е забележан раст од 15,9%), како резултат на зголемувањето на вкупните ликвидни средства и растот на готовите пари во оптек за 2,4% и 7,6%, соодветно.

Во четвртиот квартал годинава споредено со К-4-2023, примарните пари се зголемија за 24,2% (во К-3-2024 е забележан раст од 21,7%), како резултат на растот на вкупните ликвидни средства и готовите пари во оптек за 33,0% и 16%, соодветно. Во К-4-2024, најтесната парична маса М1[5] забележа

[3] Цената на тутунските производи е зголемена во согласност со усвоените измени на Законот за акцизите, при што акцизата на цигарите ќе се зголемува за 0,23 денари по парче секоја година сѐ до 2030 година.

[4] Ги вклучува готовите пари во оптек (вклучително и готовината во благајната на банките), задолжителната резерва во денари и во девизи и вишокот ликвидни средства над обврската за задолжителна резерва (во денари).

[5] Монетарниот агрегат М1 го сочинуваат готовите пари во оптек и депозитните пари. Монетарниот агрегат М2 го сочинуваат монетарниот агрегат М1 и краткорочните депозити, а монетарниот агрегат М4 е составен од монетарниот агрегат М2 и долгорочните депозити.

раст од 10,4% во однос на претходниот квартал. На квартална основа, монетарниот агрегат М2 се зголеми за 7,9%, а најширокиот монетарен агрегат М4 за 7,5%.

Вкупниот **депозитен потенцијал**[6] на банките во К-4-2024 се зголеми за 8,1% на квартална основа, по растот од 2,0% во претходниот квартал. Анализирано по сектори, депозитите на претпријатијата и депозитите на домаќинствата се зголемија за 11,5% и 6,6%, соодветно. Од аспект на валутата, споредено со претходниот квартал, денарските депозити се зголемија за 11,5%, а девизните депозити за 3,4%.

Степенот на евроизација е намален за 1,9 п.п. во споредба со претходниот квартал и изнесува 40,6%, мерено преку учеството на девизните депозити во вкупниот депозитен потенцијал.

Според рочноста, учеството на долгорочните депозити во вкупниот депозитен потенцијал во К-4-2024 се намали за 0,4 п.п. споредено со претходниот квартал и тоа изнесува 24,6% (во К-3-2024 изнесуваше 25,0%). Во анализираниот период, краткорочните депозити се зголемија за 4,8% на квартална основа.

**Кредитната активност** на банките во К-4-2024 се зголеми за 5,4% на квартална основа (во претходниот квартал кредитите се зголемија за 1,5%), во услови на раст на кредитите кон претпријатијата за 8,2% и на кредитите кон домаќинствата за 2,7%. Од валутен аспект, во К-4-2024 денарските кредити се зголемија за 6,9%, а девизните кредити за 3,0%.

Графикон 4.2. Кредити и кредитен раст и М4




Извор: Народна банка на Република Северна Македонија

Според рочноста, долгорочните кредити бележат раст од 5,0% во однос на претходниот квартал, а краткорочните кредити се зголемија за 9,5%.

**Каматната стапка**[7] на денарските кредити во К-4-2024 изнесува 5,77% и таа е намалена за 0,09 п.п. во споредба со претходниот квартал. Каматната стапка на девизните кредити во К-4-2024 изнесува 4,74% и е намалена за 0,12 п.п. во однос на претходниот квартал.

Графикон 4.3. Каматни стапки (КС) на депозитни банки




Извор: Народна банка на Република Северна Македонија

[6] Депозитите вклучуваат и пресметана камата.

[7] Во девизните кредити и депозити се вклучени денарските кредити и депозити со валутна клаузула.

Каматната стапка на денарските депозити во К-4-2024 изнесува 2,63% и забележа раст од 0,18 п.п. споредено со претходниот квартал, а каматната стапка на девизните депозити изнесува 1,65% и е зголемена за 0,11 п.п. во однос на претходниот квартал.

Каматната стапка на новоодобрените денарски кредити во К-4-2024 изнесува 4,92%, а на новоодобрените девизни кредити 3,98%. Каматните стапки на новопримените денарски и девизни депозити изнесуваат 3,17% и 2,27%, соодветно.

# 5. Надворешен сектор

## 5.1. Надворешнотрговска размена

Според податоците на Државниот завод за статистика, вкупната надворешнотрговска размена со странство во К-4-2024 изнесува 4.776,3 милиони евра и бележи пад од 4,1% во однос на истиот квартал од 2023 година.

Графикон 5.1. Извоз и увоз на стоки




**Извозот на стоки** во К-4-2024 изнесува 1.920,1 милион евра и во однос на К-4-2023 бележи пад од 7,8%, додека во однос на претходниот квартал пад од 0,6%.

Анализирано **по сектори** на СМТК (Стандардна меѓународна трговска класификација), негативни движења во извозот во К-4-2024 во однос на истиот квартал во 2023 година се забележуваат во следните сектори:

- хемиски производи за 23,3% (во чии рамки најголем пад забележа категоријата хемиски материи и производи за 164,1 милион евра или 28,9% );
- разни готови производи за 8,9% (облека за 16,5 милиони евра или 15,4%; мебел и негови делови за 7,1 милион евра или 6,3%);
- производи класирани по материјалот за 4,2% (железо и челик за 13,7 милиони евра или 10,9%);
- минерални горива и мазива за 8,0% (нафта и производи од нафта за 5,5 милиони евра или 25,8%) и
- пијалаци и тутун за 1,7% (тутун и производи од тутун за 2,1 милион евра или 11,3%).

Позитивно придвижување на извозот се забележува во следните сектори:

- машини и транспортни уреди за 0,8% (во чии рамки најголем раст забележа категоријата: електрични машини, апарати и делови за 39,7 милиони евра или 11,5%);
- суровини освен гориво за 15,7% (метална руда и отпадоци од метал за 12,0 милиони евра или 21,0%);

- производи за храна за 8,3% (овошје и зеленчук за 7,7 милиони евра или 12,1%) и
- животински и растителни масла за 92,1% (цврсти растителни масла и масти, сирови, рафинирани или фракциони за 2,7 милиони евра или 115,0%).

Гледано **по економска намена**, во К-4-2024 пад на извозот е забележан во следните групи производи:

- индустриски набавки за 165,5 милиони евра или 15,9%;
- транспортна опрема за 21,2 милиона евра или 6,6% и
- горива и мазива за 4,6 милиони евра или 6,2%.

Зголемување на извозот е забележано во следните групи на производи:

- храна и пијалаци од 16,1 милион евра или 9,9%;
- производи за инвестиции без транспортна опрема за 14,3 милиони евра или 5,9% и
- стоки за широка потрошувачка за 0,4 милиони евра или 0,2%.

**Увозот на стоки** во К-4-2024 изнесува 2.856,2 милиони евра и е намален за 1,5% во однос на К-4-2023, додека во однос на претходниот квартал бележи раст од 7,3%.

Анализирано **по сектори** на СМТК, намалување на увозот во К-4-2024 во однос на К-4-2023 се забележува во следните сектори:

- производи класирани по материјалот за 9,4% (во чии рамки најголем пад забележаа категориите: обоени метали за 48,9 милиони евра или 16,0%; изработки од неметални минерали за 26,9 милиони евра или 18,0%);
- хемиски производи за 7,1% (неоргански хемиски производи за 21,4 милиони евра или 28,2%; хемиски материи и производи за 10,8 милиони евра или 20,4%) и
- суровини освен гориво за 0,7% (метална руда и отпадоци од метал за 1,5 милиони евра или 5,7%).

Позитивно придвижување на увозот се забележува во следните сектори:

- минерални горива и мазива за 1,4% (во чии рамки најголем раст забележа категоријата електрична енергија за 31,3 милиони евра или 53,9%);
- машини и транспортни уреди за 2,6% (погонски машини и уреди за 20,1 милион евра или 119,9%);
- разни готови производи за 1,9% (облека за 7,3 милиони евра или 18,6%);
- производи за храна за 8,1% (месо и преработки од месо за 6,3 милиони евра или 11,1%; кафе, чај, какао, зачини за 4,6 милиони евра или 13,5%);
- животински и растителни масла за 37,6% (цврсти растителни масла и масти, сирови, рафинирани или фракциони за 6,2 милиона евра или 42,1%) и
- пијалаци и тутун за 16,6% (пијалаци за 3,1 милион евра или 14,2%).

Гледано **по економска намена**, во К-4-2024 пад на увозот е забележан само во групата стоки за индустриски набавки за 117,9 милиони евра или 9,2%.

Зголемување на увозот е забележано во

следните групи производи:

- храна и пијалаци за 27,9 милиони евра или 9,3%;
- стоки за широка потрошувачка за 23,7 милиони евра или 8,0%;
- производи за инвестиции без транспортна опрема за 15,3 милиони евра или 3,1%;
- горива и мазива за 4,2 милиона евра или 1,3% и
- транспортна опрема за 1,9 милиони евра или 1,0%.

Графикон 5.2. Земји со најголемо учество во извозот (лево) и во увозот (десно) во К-4-2024




Извор: Пресметки на Министерството за финансии врз база на податоци од ДЗС

Надворешнотрговската размена на Европската Унија (ЕУ 27) во К-4-2024 е намалена за 7,0% во однос на К-4-2023, со што учеството на размената со оваа интеграција во вкупната надворешнотрговска размена изнесува 59,8% и е намалено за 1,8 п.п. споредено со четвртиот квартал од 2023 година. Притоа, во К-4-2024 извозот на стоки учествува со 74,2%, а увозот на стоки со 50,2%.

## 5.2. Платен биланс

Според податоците од Народната банка на Република Северна Македонија, во К-4-2024 на **текoвната сметка** на билансот на плаќања е регистриран дефицит од 291,4 милиони евра, што претставува 7,3% од кварталниот БДП, наспроти дефицитот од 3,1% од БДП забележан во истиот квартал од 2023 година.

Анализирано на годишна основа, дефицитот на тековната сметка во К-4-2024 е зголемен за 166,1 милион евра,

Графикон 5. 3. Салдо на тековна сметка
*(во милиони евра)*




Извор: Народна банка на Република Северна Македонија

односно за 132,5%, што се должи на зголемувањето на дефицитот на сметката на стоки за 14,1% и на сметката на примарен доход за 6,6%, како и на намалувањето на суфицитот на сметката на услуги за 16,0% и на сметката на секундарен доход за 2,4%.

Графикон 5. 4. Тековна сметка на платниот биланс
*(салдо, во милиони евра)*




Извор: Народна банка на Република Северна Македонија

Во К-4-2024, **трговскиот дефицит** е зголемен на годишно ниво за 110,1 милион евра, додека во процент од кварталниот БДП тој е зголемен за 3,1 п.п. на годишна основа и изнесува 22,5%.

Суфицитот на **сметката на услуги** во К-4-2024 изнесува 146,0 милиони евра и во однос на истиот квартал од 2023 година тој е намален за 27,9 милиони евра. **Трговската отвореност** на Република Северна Македонија во К-4-2024 изнесува 141,0% од кварталниот БДП и во однос на К-4-2023 е зголемена за 2,2 п.п..

Во К-4-2024, сметката на **примарен доход** забележа дефицит од 197,6 милиони евра и тој е зголемен на годишно ниво за 12,2 милиона евра.

Суфицитот на сметката на **секундарен доход** во К-4-2024 изнесува 653,5 милиони евра и на годишно ниво е намален за 15,9 милиони евра. Падот се должи на намалувањето на тековните трансфери за 14,3 милиони евра, кои во сметката на секундарниот доход учествуваат со 95,5%, како и на намалените официјални трансфери за 1,6 милиони евра, кои во сметката на секундарниот доход учествуваат со 4,5%.

Суфицитот на **капиталната сметка** во К-4-2024 изнесува 9,8 милиони евра наспроти дефицитот од 0,1 милион евра остварен во К-4-2023. Подобрувањето на салдото на капиталната сметка главно се должи на приливот на капитални трансфери.

Графикон 5. 5. СДИ во земјата




Извор: Народна банка на Република Северна Македонија и пресметки на МФ

**Странските директни инвестиции** (СДИ) во земјата во К-4-2024 изнесуваат 397,5 милиони евра и во однос на К-4-2023 тие се зголемени за 168,2 милиона евра. Приливот на СДИ во овој период потекнува од должничките инструменти (по кој основ е остварен

74,6% од вкупниот прилив на СДИ) и сопственичкиот капитал (26,3% од вкупниот прилив на СДИ).

**Портфолио инвестициите** во К-4-2024 изнесуваат 69,4 милиони евра и во однос на истиот квартал од претходната година тие се зголемени за 31,8 милиони евра.

**Останатите инвестиции** во К-4-2024 се негативни и изнесуваат 525,1 милион евра. Во рамки на категоријата останати инвестиции, валутите и депозитите, заемите и трговските кредити и аванси бележат негативно салдо од 18,3 милиони евра, 401,0 милион евра и 104,8 милиони евра, соодветно.

На крајот на четвртиот квартал од 2024 година, **девизните резерви** изнесуваа 5,0 милијарди евра и во однос на К-4-2023 тие се зголемени за 10,8%. На крајот на К-4-2024, девизните резерви обезбедуваат 5,2-месечна покриеност на увозот на стоки и услуги од претходниот 12-месечен период.